1,1573.73/261

До Президиумот на АСНОМ

Во Тетово се осекйа една големо_албанска струйа койа сака да Тетово и др. места койи биле за време на окупацийата под Албанийа, си останат пак под Албанийа. Тайа тенденцийа се осекйа на секаде по той терен, шом малку по_вечко се запознае менталитетот на албанското население и повечко остане во тайа средина.

Напротив, пак нашето население македонско е некако одстранено од по_литичкиот живот и све со поголема резерва прима сите новини и промени, што би требело да биде обратно, кога се има предвид да за време на албанската окупацийа беше двойно робство за нашиот народ, ако така може да се рече. Народот се држи резервирано заради това што по државните учреждениjа стойат покрай нашите државни барйаци и албански барйаци. Албанците земат еднакво участие при изборот на народно_ослободителните одбори, било градски, било селски, даже го поставаат прашането да тийе имаат во пленумот и во извршните одбори повечко свои членови. Постават се прашането и за самата администра_цийа, койа требе да се води упоредо со нашата администрацийа, па бараат и еднаков брой и албански административни чиновници. По учреждениjата са задр_жани сите албански чиновници койи биле во служба на миналиот режим и койи се дойдени од стара Албанийа.

Исто така нейе положението нешто нарочно ни со Големо_Србите, кой[и] бева на служба за времето на стара Йугославийа. Тийе чиновници останати [и] тамо за време на окупацийата и сега чекаат да поново дойде крал Петар и г[о]лемосрбската клика со него.

Да би се све това поправило и правилно разрешило, нужно е да [с]е во Тетово одржи еден митинг во найскоро време , на койи би се изнела ли[ни]йата на нашата борба и со това зайакне братството мегйу нашиот, албанскиот и турски[от] народ.

Да на той терен отидат повечко другари койи ке работат политички [со] таюшното население.

Да се разреши положението со албанските чиновници койи се дойдени од Тирана.

Да се на Турците дадат поголеми права и должности, койи сега за сега не можат да дойдат до изражай од Големо_Албанците.

И да се дадат права и задължениjа во исто време не по бройот на на_селението, а по участието во народно_ослободителната борба.

Скопие,
7.XII.1944.г.

Иу. Блажески
/Йордан Блажески/
член на А С Н О М